КЕНГУР БЕЗ ГРАНИЦИ 2021
тел. 076 220 414
e-mail: kangaroo.macedonia@gmail.com
ul. 2 br.107A
Населба Визбегово Скопје,
Република С.Македонија

KANGAROO SANS FRONTIERES 2019
tel. 076 220 414
e-mail: kangaroo.macedonia@gmail.com
str.2 nom. 107A
District Vizbegovo, Skopje,
Republik of H. Macedonia

До
Директорот, Активот на математичари и
одделенски наставници
при ____________________________________________

**Предмет:** Известување за Меѓународниот математички натпревар КЕНГУР БЕЗ ГРАНИЦИ-2022, 24.03.2022

## НАТПРЕВАР КЕНГУР И НАТПРЕВАРИТЕ ПО МАТЕМАТИКА

Тема на која може да се напишат докторати по историја на математика. Натпреварот Кенгур од страна на државата, барем тие така цитираат, се третира како математичка игра.... Но дали е тоа така.... Тоа е главното прашање... Во низа земји веќе има жестоки противници на оваа теза. Под условите под кои се одржува, никако не може да има третман на игра. Се прават големи напори да се најде начин истиот да биде прифатен од Европската унија(бидејќи сепак е тоа европски натпревар). Но, тоа е организација која има веќе 100 држави кои земаат учество и одлуките на асемблејата на Кенгур тешко се спроведуваат. Секогаш се јавува некој проблем кој ги кочи работите за да се комплетира документацијата која треба да се достави на соодветните органи во ЕУ. Генерално гледано, активистите на Кенгур жестоко се спротиставија на ваквиот став, кој се промовира и одржува и во нивните земји... **Се бара начин како Кенгур да го добие заслуженото место кое го има, ако се има предвид дека Кенгур не е натпревар составуван од локални математичари**... Тоа е натпревар кој го креираат најискусните математичари во Европа па и во светот, што секако може да се види од избраните задачи за секоја категорија на овој натпревар. **Решението не е така далеку**. Од друга страна, мора да нагласиме дека ние немаме ништо против натпреварите по математика кои ги организираат низа други здруженија по математика, па какви и тие да биле... Сепак тое е некаков развој на оваа клучна дисциплина во образовните системи на сите земји.

## АКРЕДИТАЦИИ ЗА МЕЃУНАРОДНИОТ НАТПРЕВАР КЕНГУР

Како и за сите меѓународни натпревари така и за натпреварот КЕНГУР БЕЗ ГРАНИЦИ не се потребни домашни акредитации. Единствена акредитација е онаа што ја имаме добиено од АСЕМБЛЕЈАТА НА КЕНГУР, и на кого му е потребна можеме да му ја испратиме. За тоа треба да се обратите по меил. Нашата законска регулатива не може и не смее да спречи по било кој основ овој натпревар да се одржува, како и било кој меѓународен натпревар воопшто. Тоа би бил најголем антидемократски чин што може да се случи во една држава.

## НАТПРЕВАРОД КЕНГУР НАСКОРО НАТПРЕВАР ПОД КАПАТА НА Европската Унија, Да или НЕ

Во рамките на телата на меѓународниот натпревар Кенгур без граници, се во процедура широк спектар на активности за определување на неговиот статус. Се настојува натпреварот да добие

Европски карактер и да биде под КАПАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА. ДА или НЕ, ќе остане да видиме во наредните година две што ќе се случи. Воглавно се разви широка дискусија за тоа дали натпреварот со најсилните задачи кои се било кога поставени во рамките на натпреварите по математика заслужува да биде математичка игра, како што е третиран во низа земји, не само во нашата Македонија. Во Бордот на Кенгур и Асемблејата на Кенгур се бараат широки можности сето тоа да се промени. Секако, како што напоменавме, **се очекува брза одлука и разрешување на ова прашање, со брзина како што е погоре спомената.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ПОКАЧЕНАТА ЦЕНА НА НАТПРЕВАРОТ

Покачувањето на цената на Кенгур не е од наша страна. Секако дека сме сведоци на “скриена инфлација” на нашиот денар. Материјалите кои земаат учество на натпреварот се со потекло и од домашни ресурси и од странство. Цените на сите ресурси се подигаат месечно нагоре(така да и со оваа цена дали ќе опстанеме не е јасно). Уште повеќе, се што е со македонско потекло доживува невиден скок во цените. Пред се тргнувајќи од ПОШТЕНСКИТЕ УСЛУГИ, кои станаа неодржливо високи за наши македонски услови, барем гледано од наша страна, па до се друго што е составен дел на оваа манифестација. Од тие причини, сакаме да нагласиме дека КЕНГУР не е средство за заработка на пари. Нормално се се наплаќа, **но генерално не е профитабилен бизнис**, **како што некој го прикажуваше во текот на годините кои се зад нас**. Има години, како на пример минатата, ако се направиш како треба, ќе паднеш и во загуба(заради одредени каприци на членови на АРМАГАНКА), па како организација ќе се покриваш од други средства кои на некој начин си ги заработил....

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАТПРЕВАРОТ

Како и секоја учебна година, така и оваа учебна година се организира меѓународниот натпревар Кенгур 2022 година. Во однос на претходните години оваа година овој натпревар се одржува во **ЗНАЧИТЕЛНО ВИДОИЗМЕНЕТИ УСЛОВИ**. **Од текстот на ова писмо и наредното писмо кое ќе следува не така долго после ова писмо, ќе се заклучи за што се работи**.

Натпреварот ќе се одржи на 24.03.2022 година со почеток во 11 часот, и тоа во следниве категории:

- прва категорија: ученици од 1 одделение од основното образование;
- втора категорија: ученици 2 и 3 одделение од основното образование;
- трета категорија: ученици 4 и 5 одделение од основното образование;
- четврта категорија: ученици 6 и 7 одделение од основното образование;
- петта категорија: ученици 8 и 9 одделение од основното образование;
- шеста категорија: ученици 1 и 2 година од средното образование;
- седма категорија: ученици 3 и 4 година од средното образование.

Секое училиште обавезно назначува **одговорен наставник** (одговорно лице од училиштето). Пријавувањето на учениците да биде од одговорните наставници кои ќе учествуваат во спроведувањето на натпреварот. За ефикасно организирање на натпреварот пожелно е да се формираат локални одбори (за едно училиште, или за повеќе училишта заедно, а по можност и за еден град или регион) со одговорен наставник (одговорно лице) за контакт.

За пријавување на натпреварот, секој учесник треба да уплати по 200,00 денари, за покривање на трошоците за организација на натпреварот. Минимален број на учесници во една пријава е 10. Дел од уплатените средства останува за организција на натпреварот на локално ниво, и тоа:

- за пријава со над 300 учесници, 75 денари по учесник;

- за пријава од 100 до 300 учесници, 65 денари по учесник;
- за пријава од 40 до 99 учесници, 55 денари по учесник;
- за пријава од 10 до 39 учесници, 50 денари по учесник.

Сите материјали,т.е. сите задачи ќе се печатат на листови А3 формат двострано.

Секој учесник на натпреварот, традиционално ќе добие мала награда. За учесниците со најдобри резултати предвидени се награди, дипломи и пофалби. **Секој наставник, ментор на ученици, ќе добие потврда(сертификат) за учество на натпреварот како ментор.** Секое училиште кое има учесници на натпреварот ќе добие соодветна документација за одржаниот натпревар.

**За ефикасно спроведување на натпреварот, рокот на пријавување и уплата на средствата да биде извршена до 12 март 2022 година** (уплатата на средствата да биде групна, а не секој посебно, најдоцна до 12.03.2022).

Пријавувањето и комуникацијата да биде задолжително по e-mail на адресата: kangaroo.macedonia@gmail.com и тоа напишано во **Excel tabela во 8 (графи)** графи по следниот редослед: **Реден број, име и презиме на ученикот натпреварувач (во една графа), одделение, училиште, град, населено место (ПОДАТОЦИТЕ ДА СЕ ВНЕСУВААТ СО МАКЕДОНСКА ПОДДРШКА: азбуката која ја има самиот систем) име и презиме на ментор на ученикот(документ во ПДФ формат ќе биде објавен на соодветните страни), како и обавезен e-mail на ученикот.** Во истиот документ да се назначи и **одговорен наставник** со полно име и презиме и телефонските броеви (на работа и мобилен). Податоците на учениците и училиштето да бидат точно напишани со цел дипломите да бидат веродостојни. Во спротивно, исправки на истите(дипломи, сертификати) **нема да се прават**.

Во порачката и при уплатата на средствата да се наведе име и презиме на лицето што уплатило, висина на средствата и датумот на уплатувањето, и училиштето и градот за која е извршена уплатата со назнака за КЕНГУР 2022.

**Натпреварот ќе се одржи, како и минатата година, на македонски и албански наставен јазик.** Ако има доволно пријавени натпреварувачи на јазиците на другите националности, натпреварот ќе се одржи и на други наставни јазици. Минимална бројка на пријавени ученици за изведување на натпреварот на наставен јазик на друга националност е 1000 на територија на Република Северна Македонија, во сите категории заедно.

Напоменуваме дека натпреварот е од меѓународен карактер и дека досега добиените дипломи, пофалници и потврди од овој натпревар беа вреднувани при уписите во средните училишта и на некои факултети, **ПОСЕБНО НА УНИВЕРЗИТЕТИТЕ ВО СТРАНСТВО меѓу кои и најпрестижните**.

**Лице и телефон за контакт: Алекса Малчески, 076 220 414, секој ДЕН ОД 12:00-13:15 часот**

**Оваа учебна година во некои училишта, учесници на натпреварот, ќе бидат испратени делегати-набљудувачи на натпреварот како и поинаков систем на организација на натпреварот.**

**Во секоја пријава да се наведе точното име и презиме на ДИРЕКТОРОТ на училиштето.**

## ВТОР КРУГ НА КЕНГУР

Како дел од активностите, и посебно заради големиот број на учесници, се организира и втор круг на Кенгур на потполно идентичен нашин во однос на работата на учениците. Одлуката ја донесе **КОНЗОРЦИУМОТ-КЕНГУР БЕЗ ГЕАНИЦИ. Вториот дел на Кенгур 2022 е апсолутно независен во однос на првиот дел на КЕНГУР 2022.** Во рамките на тие активност на јавен повик секој ученик од првиот дел на овој натпревар, кој ќе може да се пронајде во списците кои јавно ќе бидат објавени, може да се пријави јавно преку средствата за комуникација за овој натпревар. Притоа, секако, во предвид се земаат и пријавите од страна на професорите и училиштата кои сакаат да учествуваат на овој дел од натпреварот. Цената на коштање за овој натпревар е 350 денари. Притоа, доколку се пријавуваат училишта и професори со свои ученици, 70 денари останувaат на сметката на локалниот организатор а останатите се префрлаат на сметката на организаторот на натпреварот.

На овој дел од натпреварот ќе има јавно прогласување и јавно делење на медаљи за најзаслужните исто како и минатите години.

КЕНГУР БЕЗ ГРАНИЦИ 2021
тел. 076 220 414
e-mail: kangaroo.macedonia@gmail.com
ul. 2 br.107A
Населба Визбегово Скопје,
Република С.Македонија

KANGAROO SANS FRONTIERES 2019
tel. 076 220 414
e-mail: kangaroo.macedonia@gmail.com
str.2 nom. 107A
District Vizbegovo, Skopje,
Republik of H. Macedonia

## ПРВ ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД АКТИВНОСТИТЕ-ЕКСКУРЗИЈА КЕНГУР 2022

Доколку бројот на учесници на натпреварот Кенгур кој ќе се организира на 24.03.2022 година не е помал од 10000 а не е поголем од 15000 ќе се организира еднодневна летна екскурзија. Екскурзијата ќе биде во рамките на Република Македонија или во некоја од земјите од најблиското наше соседство. Секако ќе се посетат некои најважно културноисториски споменици. Бројот на учесници е најмногу 50. Правото на избор го има **КОНЗОРЦИУМОТ-КЕНГУР БЕЗ ГРАНИЦИ**.

## ВТОР ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД АКТИВНОСТИТЕ-ЛЕТЕН КАМП КЕНГУР 2022

Од учениците учесници на вториот круг на КЕНГУР 2022, доколку бројот на учесници е поглем од 15000 на првиот дел на Кенгур 2022 што ќе се организира на 24.03.2022 година, нема да се организира екскурзија, туку ќе се организира летен локален камп. Бројот на учесници, заради ниската цена на овој натпревар ќе биде мала. Најголем број на учесници е

1. 10-15 за број на натпреварувачи во прв круг на Кенгур од 15001-20000

2.15-20 за број на натпреварувачи во прв круг на Кенгур над 20000.

Летниот камп ќе завршува со едно тестирање, на кое ќе се прогласи најдобар ученик на КЕНГУР 2022.

Можно е кампот да се организира и во некоја од соседните земји. Правото на избор на екипите за летниот камп го има **КОНЗОРЦИУМОТ-КЕНГУР БЕЗ ГРАНИЦИ**.

# УПЛАТА ЗА КЕНГУР 2022

Уплатата за Кенгур 2022 е видоизменета во однос на уплатата за Кенгур од минатата година. Оваа година средствата треба да се исплатуваат на сметка

| | |
|---|---|
| жиро сметка | **200003239674086** |
| ЕДБ | **4057017538981** |
| Банка Депонент | **Стопанска Банка АД-Скопје** |
| Природно математичко друштво | АРМАГАНКА |

Средства за натпреварот уплатени на било која **друга** сметка и на било која **друга** банка нема да бидат земени во предвид, и во тоа школо нема да се организира натпревар.

**Доколку ситуацијата со наставата во општ случај не се промени, или пак тешко се менува, истиот ЌЕ СЕ ОДРЖИ КАКО И МИНАТАТА ГОДИНА, on-line. За тоа дополнително ќе бидете известени, со посебен меил и ПРОТОКОЛ за РАБОТА.**

**Претседател**
Алекса Малчески
у
редовен професор на МФС
Претседател ба Бордот на Армаганка за КЕНГУР

_________________________